РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 11-2615/2
30 06 20 25 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 56 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 ,99/2022 и 208 /2024) Министерството за јавна администрација донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за генерички обуки на административни службеници за 2026 година

**Вовед**

Капацитетот на администрацијата е клучен елемент за спроведувањето на јавните политики. Оттука, Министерството за јавна администрација континуираното учење и стручното усовршување ги препознава како инвестиција во човечкиот капитал.

Усовршувањето на човечките ресурси како законска надлежност на Министерството за јавна администрација (Министерството), е и една од суштинските компоненти од севкупните реформи на јавната администрација, вклучително и за отворените процеси за полноправно членство во Европската унија. Во функција на континуирана професионализација на администрацијата е креирана Годишна програма за генерички обуки на административните службеници за 2026 година.

Целта на Годишната програма за генерички обуки на административни службеници за 2026 година е подигање на нивото на општите работни компетенции на административните службеници за успешно спроведување на работните цели и задачи, а со тоа да овозможат соодветни и квалитетни услуги на граѓаните и бизнисите.

Годишната програма за генерички обуки на административни службеници за 2026 година е подготвена и донесена врз основа на ставот 1 од членот 56 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 ,99/2022 и 208 /2024), како и согласно Правилникот за содржината и формата на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/2014). Понудата на тематските обуки е усогласена со законски одредби и истите се однесуваат на стекнување на знаења и вештини за развој на секоја општа компетенција, дадени во Правилникот за рамката на општи работни компетенции за административните службеници („Службен весник на Р.М."бр.:142/2014).

Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за **2026** година нуди вкупно **9** тематски обуки преку Системот за управување со учењето (СУУ).

**Начин на спроведување на обука:**

Обуките од програмата ќе се реализираат преку интернет пристап до електронскиот систем за управување со учење (СУУ/LMS), како и на традиционален начин, во училница.

За употреба на електронскиот систем, Министерството за јавна администрација во координација со институциите и понатаму ќе обезбедува непречен пристап до е-обуките. Со тоа секој вработен во администрацијата ќе поседува корисничко име, односно ќе добие пристап во системот за следење на е-обуки. Покрај темите за развој на компетенциите, во системот се достапни и други теми од значење за работата во администрацијата. Пристапот во е-учењето се врши преку следната веб локација: http://e-obuki.mioa.gov.mk/ .

За обуките што ќе се спроведуваат на традиционален начин, односно во училница, Министерството за јавна администрација ќе испраќа циркуларни покани до органите за номинација на учесници, водејќи сметка за компатибилност помеѓу темата и претходно изразената потреба од обуки во годишните планови за обука за 2026 година.

По спроведувањето на обуките, учесниците ќе добијат потврда за завршена генеричка обука. Потврдите за обуките спроведени по електронски пат, ќе се генерираат во електронска форма, веднаш откако учесникот ќе ја заврши конкретната обука, со можност за нивно печатење.

Во рамките на своите надлежности, Министерството подготви Каталог на генерички обуки со табеларен приказ што овозможува едноставно следење на расположливите обуки.

## Каталог за генерички обуки на административни службеници за 2026 година

| Реден број | Назив на обука | Начин на спроведување | Целна група | Период на одржување | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Решавање на проблеми | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 2 | Учење и развој | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 3 | Комуникациски вештини | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 4 | Стратегии и иновации | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 5 | Менаџирање на промени | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 6 | Креирање и дефинирање на политики | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 7 | Евалуација на програми и политики | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 8 | Презентациски вештини | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |
| 9 | Менторство | Систем за управување со учење (СУУ/LMS) | Административни службеници (Б, В и Г категорија) | Постојано | МЈА |

**Контакт информации**
**Министерство за јавна администрација**
Адреса: Бул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54
1000 Скопје
e-mail: agron.medziti@mioa.gov.mk
obuki@mioa.gov.mk

Бр. ________________

______________________ година

**Горан Минчев**
**МИНИСТЕР**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје-Shkup

Подготвил: Јасмина Куноска
Контролирал: Душица Бошковска
Одобрил: Агрон Меџити